Одржување на физичкото растојание помеѓу присутните од 1,5-2,0 метри и почитување на одредбата за негрупирање, како и не е дозволено секаков друг вид на дополнителни социјални активности.

Апарати за дезинфициенси за раце задолжително да бидат поставени на повеќе места, при влезот во објектот, во тунелите како и околу теренот .
Натпреварите се организираат без присуство на публика.
Мерење на телесна температура со безконтактен топломер пред влез во објектот на лицата кај е дозволено присуство на натпреварот. За лицата кај кои ке се утврди покачена телесна температура над 37.2 (и по второ мерење), како и на лицата кои ќе одбијат мерење на температура забранет е влез во спортскиот објект.
Забранета е употребата на соблекувалните за цело време пред, во тек и по натпреварот.
Сите играчи треба да ја напуштат салата/теренот/објектот што е можно побрзо по завршување на натпреварот. Треба да има временски простор помеѓу заминувањето на двата тимови.
Прес конференции ќе се одржуваат само виртуелно, додека пак собата за прес и mixed зоната ~~ќе~~ да бидат затворени.
**Контрола на спроведување на овој протокол врши делегатот на натпреварот. Организаторот на натпреварот (клубот домаќин)е ДОЛЖЕН да достави список на сите присутни лица на натпреварот до делегатот на натпреварот.**
Медицинскиот персонал на секој клуб соодветно кон претходните препораки е должен да води евиденција и да ја прати здравствената состојба на своите играчи и стручен штаб непосредно пред натпревар.
**Спортските клубови се обврзани да ја следат здравствената состојба на играчите и тренерите пред почетокот на секој натпревар преку мерење на телесна температура и доколку се утврди телесна температура повисока од 37,2 степени и по второто мерење, не се дозволува учество во натпреварот,како и на лица со респираторни симптоми кои задолжително се изолира.**

2. Категорија на лица на кои им е дозволено присуство на натпревар

На натпреварите можат да бидат присутни лица кои припаѓаат на следните категории: играчи, стручен штаб, судии, пом.судии, статистичари, делегат и контролор на судење, бришачи на паркет, медицински персонал, технички персонал за одржување на објектот и хигиената, редарска служба, претставници на менаџмент на клубовите, новинари, фотографи, камермани, претставници на анти допинг агенција, претставници/делегат на соодветна спортска федерација, ТВ оператори, пожарникари и припадници на МВР.

Бројот на лицата во сите зони потребно е да се сведе на апсолутен минимум кој е неопходен за непречена организација на натпреварот со почитување на физичкото растојание од 1.5-2.0м. Во случај на проценка дека во некоја од зоните е присутен поголем број на лица делегатот на натпреварот е овластен да изврши прераспределба